**О Д Л У К А**
**за доделување на Годишна награда**
**на Општина Центар – Феникс**
**за 2002 година**

I. Како знак на општествено признание за особени постигнувања во стопанство, уметноста, културата, воспитувањето и образованието, спортот, како и во други области на трудот и творештвото од значење за развојот на Општината и нејзината афирмација во Република Македонија и во светот, Годишната награда на Општина Центар – Феникс се доделува на:

1. **ТОМЕ АРСОВСКИ** – писател од Скопје, за особен придонес во областа на културата и уметноста.

2. **КРИСТИНА БИТРАКОВА** – академски сликар, во завршна фаза на одбрана на магистерски труд на Факултетот за ликовна уметност за континуиран одличен успех и постигнати значајни резултати на регионални, републички и меѓународни изложби и колонии во областа на ликовната уметност.

3. **АГОН САИТИ** – студент на постдипломски студии на Факултетот за физичка култура – Скопје за континуиран одличен успех и постигнати значајни резултати во натпревари по пинг-понг во пионерско, јуниорска и сениорска конкуренција на републички и меѓународни натпревари.

4. **ИВАН АНТОНОВСКИ** – ученик VI одделение во ОУ „Гоце Делчев„ - Скопје за континуиран одличен успех и за четвртата објавена стихозбирка „Треперења на природата„

5. **АРБНОРА КАЈОЛИ** – студент на Стоматолошкиот факултет во Скопје
за континуиран одличен успех и постигнати значајни резултати на регионални и републички натпревари во карате спорт.

6. **ФОНКО ИНТ Д.О.О.** – за проектирање и изведување на системи за климатизација – Скопје за постигнати успешни резултати во областа на проектирањето и изведувањето на системи за климатизација, пласирајќи го сопствениот производ „Фонко„ ширум Републиката и во странство.

7. **ЏУНЏУЛЕ** – Центар за детско уметничко изразување, музикотерапија и психо-физичка терапија – Скопје за особен придонес во областа на социјалната работа, на проблемот на социјалното однесување и воспитување на децата со посебни потреби и за издавање на брошура „Музикотерапија што е тоа?„

8. Ансамбл за народни песни и ора „**Кочо Рацин„** - Скопје за особен придонес во афирмацијата на Општината и Републиката во Советот во областа на културата преку учество на фестивали и за освојување на првото место на интернационалниот фестивал „Чин пикник„ во Торонто во 2002 година.

II. Наградата за поединци и група творци од  точка 1, 2 и 3 се состои од диплома и паричен износ од 20.000,00 денари.

III. Наградата за ученици и студенти од точките 4 и 5 се состои од диплома и паричен износ од 20.000,00 денари.

IV. Наградата за правните лица од точките 6,7 и 8 се состои од диплома и плакета.